**Развојно истражување на на тема: Подобрување на квалитетот на учебниците во Република Македонија**

Основна цел на развојното истражување е да ги согледат потребите од зготвување на нов Концепт за изготвување на учебник и методологија за негово вреднување, а со тоа и за изготвување на Основни стандарди за подготвување ракописи и начини за вреднување и одобрување на учебниците за основното образование.

Од извештајот ќе може јасно да се согледа нашето искуство за подготвување ракописи за учебник, нивно вреднување, одобрување учебници, компетенциите на издавачките организаци / куќи за вршење научна и стручна работа за издавање учебници, условите за подготвување ракописи за учебниције, нивно рецензирање и доставување предлог за одобрување до Педагошкиот совет, како научно-стручно тело за проценување на вредноста на учебникот и другата учебна литература. Се разгледува правниот статус на учебникот, но и научно-стручната основа за учебникот според Општата концепција за учебник и концепциите за одделни наставни предмети со кои се најавуваат првите стандарди во оваа област.

За објективно согледување и проценки, истражувањето предвидува преглед за искуството и од други земји во кои се применувал **Либерален модел** за издавање учебници, со примена на концепти, стандарди за учебници во реномирани издавачки куќи. На пример, Велика Британија, Германија, Австрија, Словенија, а веројатно и во други земји.

Врз основа на добиените податоци и од анализа на ставовите на наставниците и учениците, како и со ангажирање на експерти од областа ке биде изготвен:

- Нов концепт за изработка на учебник и

- Методологија за вреднување на учебник засновано на стандарди за учебник.